# ОПШТИНА ШТИП

***- Одделение за услуги и информирање на граѓаните -***

***Број 12-6160/4***
***08 октомври 2024 година***

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

## РЕШЕНИЕ

за целосно прифаќање на

Барањето со број 12-6160/1 поднесено од [redacted] за пристап до информации од јавен карактер.

1. Согласно одлуката за реонизација на општина Штип, колку првачиња припаѓаар на реонот на ООУ„Гоце Делчев„ во учебните 2023/2024 година и 2024/2025? По можност податоците да бидат поделени по етничка припадност.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Европски Центар за Правата на Ромите, поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-6160/1 со кое се бара да и се достават следниве информации:

1. Согласно одлуката за реонизација на општина Штип, колку првачиња припаѓаар на реонот на ООУ„Гоце Делчев„ во учебните 2023/2024 година и 2024/2025? По можност податоците да бидат поделени по етничка припадност.

Општина Штип како имател на бараната информација Ви ги достави информациите од Одделението за образование.

Поздрав,

Лице за доставување информации
согласно ЗСПИЈК

Сунчица Ѓуфтеска

Ул.„ "Васил Глаинов" бр. 4Б
тел. (032) 22 66 43; фах: (032) 22 66 01; www.stip.gov.mk

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 30 – 6160/5*
*8.10..2024 година*
*Ш т и п*

12

До

Сунчица Ѓуфтеска
Лице за доставување на информации
согласно ЗСПИЈК

Предмет: Одговор на Барање бр. 12-6160/2 од 4.10.2024, согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер,

Во врска со Вашето Барање, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а по поднесено барање од страна на [redacted], во кое се бара да се одговори следново:

**Колку првачиња припаѓаат на реонот на ООУ „Гоце Делчев“ во учебната 2023/2024 година и 2024/2025 година, согласно Одлуката за реонизација. Воедно во барањето е наведено податоците да бидат поделени по етничка припадност.**

За целосна информација се обративме до ООУ „Гоце Делчев“, од каде што ги добивме следниве податоци:

- **ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

ООУ „Гоце Делчев“-Штип по списокот доставен од МВР има 153 обврзници од својот реон. Од нив 97 Македонци, 51 Роми и 5 Турци.

Вкупно запишани ученици за учебна 2023/2024 година се 47 од нив:

- 35 ученици се од реонот на училиштето ( 28 Македонци, 6 Роми и 1 Турче)
- 9 ученици се од друг реон кои чекаат одговор на доставените барања ( 4 Македонци и 5 Роми)
- 3 се надвор од списокот на МВР ( 2 Македонци и 1 Ром)

За да дојдеме до бројот 153 мора да кажеме и дека:

- 16 деца се иселени ( 8 Македонци и 8 Роми)
- 13 се родени во месец јануари 2018 година (5 Македонци и 8 Роми)
- 39 заминале во други училишта (33 Македонци, 4 Роми и 2 Турци)
- 1 е одложено со медицинска белешка ( Македонец)

- На 30 ученици не се пронајдени на адресите дадени во списокот од МВР ( 15 Македонци и 15 Роми)
- 19 не го испочитувале уписниот рок ( Роми)

Заклучок: Од вкупно 153 обврзници во прво одделение во нашето училиште се запишани 35 ученика, додека 118 не се запишани.

Сите оние ученици кои не се запишани во нашето училиште беа посетени од страна на наставниците и беа утврдени причините за незапишување.

ООУ „Гоце Делчев“ – Штип секоја учебна година се соочува со проблемот на непочитување на уписниот рок од страна на обврзниците од ромската етничка заедница. Поголем дел од обврзниците Роми се запишуваат на почетокот на учебната година во месец септември со цел да добијат потврда за редовно запишан ученик која ја приложуваат во ЦСР за добивање на додатоци по различни основи, а се случува и дел од нив да се запишуваат и во месец октомври по завршувањето на сезонските работи.

- **ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

ООУ „Гоце Делчев“-Штип по списокот доставен од МВР има 132 обврзници од реонот на кој припаѓаат. Од нив 79 Македонци, 52 Роми и 1 Турци .

Вкупно запишани ученици за оваа учебна година се 60 од нив:

- 49 ученици се од реонот на училиштето (21 Македонци, 24 Роми и 4 Турци)
- 11 ученици се од друг реон - (2 Македонци и 9 Роми)
- 11 деца се иселени (8 Македонци, 1 Ром, 2 Турци)
- 7 се родени во месец јануари 2019 година (4 Македонци и 3 Роми)
- 40 заминале во други училишта (38 Македонци, 2 Роми)
- 2 се одложени со медицинска белешка (1Македонец и 1 Ром)
- 12 не го испочитувале уписниот рок (3 Македонци и 9 Роми)

Заклучок: Од вкупно 132 обврзници во прво одделение во нашето училиште се запишани 60 ученика, додека 72 ученика НЕ се запишани.

Сите оние ученици кои не се запишани во нашето училиште беа посетени од страна на наставниците и медијаторот.

ООУ „Гоце Делчев“ – Штип секоја учебна година се соочува со проблемот на непочитување на реонизацијата на училиштето и непочитување на уписниот рок од страна на обврзниците од ромската етничка заедница. Поголем дел од обврзниците Роми се запишуваат на почетокот на учебната година во месец септември со цел да добијат потврда за редовно запишан ученик која ја приложуваат во ЦСР

ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

за добивање на додатоци по различни основи, а се случува и дел од нив да се запишуваат и во месец октомври по завршувањето на сезонските работи.

*Изготвил:*
*С. Санева:*

*Контролирал:*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Доставено до:*
- *Лице за доставување на информации согласно ЗСПИЈК*
- *Архива на Општина Штип*

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*